# РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И ПРАВОТО НА КОНКУРЕНЦИЈА: ЗОШТО ДА?

**м-р. Симеон Петровски**

Изградбата на основните принципи на пазарната економија е една од основните карактеристики на процесот на трансформација во кој се наоѓа Република Македонија. Паралелно со создавањето претпоставки за целосно почитување на слободата на пазарот и претприемништвото, нужно е изградба на конзистентен правен систем на конкурентско однесување, кој ќе ги спречи и санкционира злоупотребите кои би можеле да настанат во услови на апсолутно слободна конкурентска битка на пазарот. Република Македонија треба не само да има, туку и успешно да ја имплементира својата политика на конкуренција (изразена пред се преку правото на конкуренција содржано во Законот против ограничување на конкуренцијата, Законот за државна помош и либерализацијата на некои дејности), како камен темелник во изградбата на справедлива конкурентска рамка на однесување на деловните субјекти. Од тоа зависи нејзиниот економски развиток и нејзината конкурентност на светските пазари.

На почеток, само накусо ќе се осврнам на генералните предности и ефекти кои ги носи антимонополската политика. Тоа е неопходно за да се воспостави врска меѓу предностите кои конкуренцијата ги има генерално, од една страна, и специфичните придобивки кои истата би ги произвела за Република Македонија, од друга страна.

Конкуренцијата е таа која создава иницијатива, го стимулира развојот, ја иницира креативноста, а со самото тоа создава предуслови за поквалитетно производство, пониски цени, позадоволни и финансиски посреќни потрошувачи и посилна национална економија. Предноста од конкуренцијата во прв ред ја чувствуваат потрошувачите кои своите потреби може да ги задоволат по пониска цена, односно со помал степен на искористување на нивните финансиски капацитети. Во основа, предностите кои оваа политика ги има за економијата се:

- зголемена ефикасност во искористувањето на расположивите ресурси,
- зголемен степен на истражување и развој
- откривање нова и посовремена технологија и техника кои во крајна линија доведуваат до зголемен обем и квалитет на производството,
- намалени трошоци,
- стабилност на производството,
- намалени цени,
- нови работни места и сл.

Една од новините кои новиот Закон против ограничување на конкуренција ги предвидува е изречното истакнување на благосостојбата на потрошувачите како една од примарните цели на законот. Покрај

економската ефикасност, потрошувачите се во центарот на вниманието, односно еден од клучните предмети на интерес и заштита на правото на конкуренција. Ако се знае дека цената, квалитетот и изборот на производот (услугата) се од примарен интерес за потрошувачите, тогаш е јасно дека конкуренцијата е токму тој механизам кој треба да го обезбеди нивното остварување. Натпреварувајќи се да го освојат пазарот, во услови на конкуренција, претпријатијата настојуваат да понудат подобар квалитет, поголем избор на производи и услуги, и сето тоа со пониска цена како би можеле да ги привлечат потрошувачите.

Целта на правото на конкуренција е елиминирање на негативните последици кои произлегуваат од антиконкурентските форми на однесување на деловните субјекти на пазарот. Правото на конкуренција е тука за да ги спречи таквите видови однесување кои може да доведат до воспоставување приватни форми на рестрикција на слободното одвивање на тековите на економијата кои би ги издигнале (воспоставиле) самите претпријатија. Претпријатијата не смеат да бидат препуштени самите на себе и со своето однесување да ги нарушат "нормалните" текови на пазарната економија.

Согласно нашиот Закон против ограничување на конкуренцијата, како забранети се сметаат:

1) монополските договори (хоризонтални и вертикални) - пр. договори за утврдување на продажните и куповните цени или на другите услови на тргување; договори за поделба на пазарот; за ограничување на производството и сл.,
2) злоупотребата на доминантната положба на пазарот (наметнување нефер продажни или куповни цени или други услови на тргување, дискриминација, одбивање да се тргува, одбивање пристап до мрежите и инфраструктурата кои се неопходен услов за вршење на дејноста);
3) деловните концентрации (спојување, аквизиција, одредени форми на заедничко однесување-*joint venture*) кои доведуваат до значително намалување на конкуренцијата.

Надлежниот орган за заштита на конкуренцијата (Монополската управа, како орган во состав на Министерството за економија, а со новиот Закон се предлага формирање на Комисија за заштита на конкуренцијата, како самостојно, независно и колективно тело составено од 5 члена избрани од Собранието на Република Македонија со мандат од 5 години) може да ги забрани сите оние видови однесувања кои негативно се рефлектираат врз конкуренцијата на пазарот. Претпријатијата не смеат да влегуваат во договорни аранжмани со кои на нечесен начин ќе им се нанесе штета на конкурентските можности на останатите претпријатија или на крајните потрошувачи. Така,

- претпријатијата не смеат да се договараат или да ги усогласуваат цените или некои од ценовните елементи,
- претпријатијата не смеат да се договараат да го поделат пазарот или потрошувачите на начин што ќе договорат

ексклузивна географска зона на дејствување или ексклузивна категорија потрошувачи, каде другиот конкурент не смее да дејствува;

- претпријатијата не смеат да го условуваат купувањето на еден производ или услуга со набавување друг кој не е врзан со предметот на принципалната трансакција и сл.

Ова се само дел од т.н. рестриктивни договорни аранжмани, кои не мора да се во форма на договор. Подеднакво неприфатливи се и одлуките на асоцијации на претпријатија, како и здружените практики кои водат кон иста цел или имаат ист ефект. Она што е значајно да се истакне е фактот дека правото на конкуренција не прави селекција на претпријатијата во зависност од сопственичката структура, па при тоа едни да фаворизира, а други да казнува. Така, предмет на опсервација подеднакво е однесувањето и на приватните и јавните претпријатија. Во оваа втората група треба да се вклучат сите оние во кои државата, директно или индиректно, како и локалната самоуправа го имаат последниот збор. Јавните претпријатија треба да се толкуваат во екстензивна смисла на зборот, опфаќајќи ги сите оние претпријатија над кои јавната власт има доминантна контрола изразена било преку сопственички или гласачки права, именување на менаџерската структура или можност значително да се влијае врз креирањето на стратегиските деловни одлуки на претпријатието. Тоа значи дека и во овие сектори каде се врши одредена економска дејност од јавен интерес, како незаменлив услов за животот и работата на граѓаните и правните лица, претпријатијата се должни да ги почитуваат правилата на правото на конкуренција. Овие претпријатија и нивното однесување не се изземени, ниту се имуни на принципите на конкуренцијата, од што произлегува надлежност на органот за заштита на конкуренцијата да интервенира и да ги забрани оние видови однесувања кои одат на штета на конкуренцијата. Како потврда на еднаквиот третман на приватните и јавните претпријатија во рамки на правото на конкуренција се неколкуте решенија на Монополската управа со кои истата констатираше злоупотреба на доминантната положба од страна на општински јавни претпријатија во давањето погребални услуги.

Што е уште позначајно, правото на конкуренција ги надополнува и оди "рака под рака"со спроведувањето на другите политики кои државата ги води во насока на изградба на пазарно стопанство. Тука пред се се мисли на процесот на приватизација, дерегулација и либерализација на дејностите од јавен интерес. Како илустрација,

- во сферата на телекомуникациите: државата го либерализираше пазарот на мобилната телефонија и сведоци сме на некои од придобивките кои може сите ние да ги почувствуваме: нови пакети на услуги, намалени цени, одредени опции кои претходно не ни беа достапни или беа по повисоки цени, со влезот на вториот мобилен оператор се отворија нови работни места итн. Во фиксната телефонија, либерализацијата претпоставува создавање

правни и економски услови за отворање на пазарот и влез на втор оператор и воспоставување регулација на цените;

- во енергетскиот сектор: неодамна беше усвоен закон со кој се создаваат правни претпоставки за либерализација на пазарот на електрична енаргија, преку правно, финансиско и функционално раздвојување (*unbundling*) на постоечкото претпријатие "Електростопанство на Македонија". Со тоа, постепено се отвора можност за влез на нови "играчи" на пазарот на електрична енергија во сферата на производството и дистрибуцијата на електрична енергија.

Правото на конкуренција се однесува и важи и за претпријатијата кои уживаат специјални или ексклузивни права во вршењето на одредена дејност од општ интерес, се додека примената на овие правила на конкурентско однесување не го доведува во опасност вршењето на самата дејност. Така, однесувањето на "Македонски телекомуникации", како претпријатие кое ужива позиција на монопол заснован врз основа на Законот за телекомуникации, беше предмет на разгледување од страна на Монополската управа и истото беше санкционирано како злоупотребувачко во неколку наврати. Ексклузивитетот не смее да биде аргумент во одбрана на евентуалните незаконски антиконкурентски рестрикции на пазарот (наметнување неоправдано високи цени, оневозможување влез на други субјекти во дејноста преку недозволување да се користи веќе изградената инфраструктура како неопходен елемент за вршење на дејноста, дискриминирачки однос спрема клиентите кои се јавуваат како конкуренти на претпријатието-ќерка на доминантниот субјект, наметнување нефер и нетрговски услови на стопанисување со единствена цел да се истиснат конкурентите од пазарот или истите да се доведат во понеповолна положба на пазарот и сл.). Во овие дејности потребно е да е балансира односот меѓу јавниот интерес и правилата на конкуренцијата. Во секој случај, принципот на пропорционалитет е клучниот механизам во утврдувањето на нивото на инсистирање на примена на правото на конкуренција во овие дејности. Како и да е, потребно е да се има предвид дека карактерот на дејноста која ја вршат овие претпријатијата не ги ослободува од обврската при своето однесување да ги почитуваат правилата на конкурентско однесување. Едноставно, тие не смеат својата доминација (која е пониска форма од монополот кој го уживаат) да ја злоупотребуваат на штета на потрошувачите или на конкурентите кои се наоѓаат на пазарите во надолна или нагорна линија. На тој начин, тие би биле поттикнати на иницијатива и изнаоѓање поповолни начини и услови нивниот производ или услуга да бидат поатрактивни за потрошувачите, со што тие би ја зголемиле својата ефикасност и би го подобриле своето работење (поквалитетни производи, намалени производни трошоци, а со тоа и намалени цени, поголем асортиман на дополнителни услуги врзани за основниот производ и сл.).

Ако се имаат предвид ваквите начела на антимонополското право, тогаш се поставува прашањето дали овие принципи се совпаѓаат со интересите на стопанството на Република Македонија. Но пред тоа, кои се

нашите интереси и дали конкурентската политика има позитивна рефлексија во насока на реализација на овие интереси?

Имајќи ја предвид економската состојба во која се наоѓа нашата земја, она што нам ни е потребно е економски напредок и развој. Остварувањето на оваа крајна цел зависи од исполнувањето на повеќе предуслови. Зголемен економски развиток е можен само доколку, меѓу другото, Република Македонија успее да создаде поволна клима во која:

1) ќе ја зголеми ефикасноста на домашните претпријатија, и
2) ќе го направи македонскиот пазар атрактивен за странскиот капитал

Од претходно изнесеното може да се открие какво е влијанието на конкуренцијата врз зголемувањето на економската ефикасност на домашните претпријатија и кон што истата води. Едноставно, конкуренцијата е движечка сила, "мотор" на економското усовршување и развој. Имајќи ги предвид универзалните придобивки на правото на конкуренција, не би можеле да го прифатиме мислењето дека Македонскиот пазар е премногу мал и дека стриктната антимонополска политика би ги осакатила домашните субјекти во нивните напори за акумулација на економска моќ и нивните можности за влез на странските пазари. Имено, погрешно е да се мисли дека ова право е насочено кон контрола на претпријатијата и нивно спречување во императивот да стекнат што е можно подобра позиција на пазарот. Напротив, претпријатијата се сосема слободни во преземањето активности со цел сопствено економско зајакнување. Сепак, ова економско надградување може да се одвива само како резултат на сопствените економски перформанси и инвестиции, но не на нечесен начин на сметка на потрошувачите и на останатите ривали. Имено, токму таа улога ја има правото на конкуренција - да ги спречи претпријатијата, било унилатерално, било преку договор со други претпријатија својот економски успех да го засноваат на грбот на потрошувачите и останатите конкуренти кои не се дел на таквата "шема". Преку имплементацијата на правото на конкуренција, домашните претпријатија ќе сфатат дека само по пат на сопствен развиток и усовршување, во согласност со принципите на правото на конкуренција, тие ќе се оспособат да им конкурираат на странските претпријатија. Ова уште повеќе што сите развиени земји во светот имаат право на конкуренција.

Странските инвестиции доведуваат не само до трансфер на капитал, туку со нивно присуство исто така се зголемуваат можностите за вработување, трансфер на технологија и *know-how*, како и можност за воспоставување деловни кооперативни врски со домашните претпријатија. Важноста на антимонополската политика во однос на привлекувањето странски компании на македонскиот пазар е во тоа што нејзината имплементација би ја зголемила довербата на странските претприемачи. Оваа доверба се однесува и на стабилноста на македонскиот пазар и на подготвеноста на државата да се соочи со предизвиците во заштитата на конкуренцијата на пазарот. Имено, сериозната имплементација на оваа политика ќе претставува сигнал за странскиот инвеститор дека се

недозволени нечесните и нефер ограничувања на конкуренцијата и дека на македонскиот пазар владеат општо прифатените принципи на конкурентско однесување. На тој начин, ќе се зголеми сигурноста на овие претпријатија дека може да инвестираат кај нас, сигурни дека девијантните појави од антиконкурентски карактер ќе бидат спречени.

Како потврда на значењето кое ова право го има е и фактот што изградбата и постоењето на ефикасно пазарно стопанство, како и капацитет на земјата да се соочи со притисокот од конкуренцијата и економските движења на внатрешниот пазар на Унијата претставува еден од основните критериуми (познати како Копенхагенски критериуми) за влез на Република Македонија во Европската унија. Република Македонија е во процес на адаптирање, односно приближување на своето законодавство со она на Унијата. Согласно Спогодбата за Асоцијација и Стабилизација која ја имаме потпишано со Европската унија, правото на конкуренција е потенцирано како едно од приоритетите кои ќе треба да ја доближат Република Македонија до стандардите кои владеат на внатрешниот пазар на Унијата. За очекување е дека Евроинтегративната стратегија на Република Македонија ќе доведе до воспоставување нови и зајакнување на постојните економски и трговски односи со Унијата. Оттука, преку имплементацијата на домашното право на конкуренција, адаптирано и усогласено со она на Унијата, Македонските претпријатија ќе се прилагодат и ќе може да одговорат на конкурентскиот притисок со кој би се соочиле при влезот на пазарот на Унијата.

Како заклучок, би потенцирал дека сите треба да бидеме свесни за важноста и улогата која ја има правото на конкуренција во градењето ефикасна рамка на конкурентско однесување. Треба да се направат напори да се анимира севкупната јавност и истата да се запознае со ова право, како би можеле потрошувачите и бизнис заедницата да се запознаат со своите обврски и права кои истото ги предвидува. Иако ни недостасува искуство во оваа насока (во САД, антитрустовскиот закон е донесен 1890 година, а на ниво на ЕУ, ова право е инаугурирано во 1957 година), сепак може да се искористат искуствата на другите земји. Тоа се однесува како на правото на конкуренција на ЕУ (кон кое ние се стремиме), така и на останатите земји во развој кои предничат во однос на нас. Со донесувањето на Законот против ограничување на конкуренцијата, Република Македонија го започна својот иницијален развој во оваа насока. Донесени се и низа одлуки со кои беше констатирана повреда на некои законски одредби. Треба да бидеме свесни за предизвиците кои имплементацијата на антимонополската политика ги носи со себе, но она што е битно е дека без право на конкуренција неможеме да го градиме нашиот економски систем. Конкуренцијата и слободата на пазарот и претприемништвото се основа на економијата и треба да се обезбеди заштита на претпријатијата-конкуренти, потрошувачите и пазарот воопшто од можните форми на негова дисторзија.